**STIROTER –H**

Лепило за стиропор и камена волна на база на цемент и адитиви илепило за рабицирање

**Примена :** Производот се употребува за лепење на стиропорни табли,минерална волна и армирани мрежи.Исто така се употребува за поправка на груби површини малтерисани со основен малтер и рабицирање .

**ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ:** Материјалот е во форма на сив прав.Паропропусен е и дозволува премин на пареа што овозможува ‘‘дишење‘‘ на третираната површина и исто така е и водонепропустен.Производот може да се нанесува на бетонска подлога, подлога од цементен или варов-цементен малтер или гипс картонски табли.Прави одлична врска со подлогата.Не ја загадува животната средина и е со висока ‘‘А1‘‘ класа на реакција на пожар.Има едноставна подготовка и апликација.

**ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГА:** Подлогата за нанесување на STIROTER-H треба да биде чиста , без прашина или мастни материи и ослободена од слабо врзани парчиња малтер или лушпи.Може да се нанесува на сува или влажна подлога.Пред да се нанесе површината треба да се третира со примарен слој од SILOTER подлога , кој е течен производ.ТечностаSILOTER треба да се раствори со вода во однос 1:8 волуменски делови и истата се аплицира со четка или со соодветен ваљак.

**ПОДГОТОВКА :** STIROTER-H се подготвува со додавање од 6-6.5 литри вода на една пакување од 25 кг. материјал.Вака подготвената смеса се меша 5 мин. се до потполно хомогенизирање. STIROTER–H се нанесува во слој од 5 до 10 мм.,со назабена глетарка.Идеална температура за работа е од 5 до 35 °С.Третираната површина треба да се заштити од дожд,брзо сушење и директна изложеност на сонце, најмалку 3 до 5 часа од времето на нанесување.

**ПОТРОШУВАЧКА:** За нанесување на STIROTER-H во слој со дебелина од 10 мм потребно е 5кг/м$^2$ сува материја.

**ОБЛИК НА ИСПОРАКА:** Производот е спакуван во вентил вреќи од 25 кг. , еко палета од 50 вреќи.

**СКЛАДИРАЊЕ:** Производот треба да се чува на суво место, во оргинално пакување.

**РОК НА ТРАЕЊЕ:** 12 месеци од датумот на производство кој е означен на пакувањето.

**МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ:** Треба да се избегнува контакт на производот со кожата.Препорачана е употреба на ракавици.Ако дојде во допир со некој дел од кожата,треба да се измие со вода и сапун.Во случај на допир со очите треба да се измие со вода.При иритација да се побара медицинска помош.

**ЧИСТЕЊЕ И ФРЛАЊЕ:**Остатоците од STIROTER-H кои се свежи лесно се чистат си вода.По стврднување треба да се отстранат механички.Употребените празни вреќи треба да се исфрлат во согласност со локалните прописи за фрлање на ваков вид на отпад.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ:

-Производот е усогласен според ETAG 004

-Определување на атхезиона јакост на затегање на лепила за стиропор на супстрат од бетонска подлога

При стандардни услов ≥0,25N/mm$^2$

Потопување во вода 48 часа и сушење 2 часа на 23±2°C и 50±5% RH ≥0,08N/mm$^2$

Потопување во вода 48 часа и сушење 7 дена на 23±2°C и 50±5% RH≥0,25N/mm$^2$

- Определување на атхезиона јакост на затегање на лепила за стиропор на супстрат од стиропор

При стандардни услови ≥0,08N/mm$^2$

Потопување во вода 48 часа и сушење 2 часа на 23±2°C и 50±5% RH ≥0,03N/mm$^2$

Потопување во вода 48 часа и сушење 7 дена на 23±2°C и 50±5% RH ≥0,08N/mm$^2$

-Определување на атхезиона јакост на затегање на лепила за стиропор на супстрат од стиропор после стареење

Потопување во вода 7 дена и сушење 7 дена на 23±2°C и 50±5% RH ≥0,08N/mm$^2$

-Гранулометрија - 0-0.8 мм.